## 60-ГОДИШНИЦИ

# Проф. д-р СНЕЖАНА ИЉОВСКА



Пријатна должност ни е да ја одбележиме 60-годишнината на животот на колешката Иљовска и да се обидаме да направиме комплетен осврт на еден плоден животен опус.

Д-р Снежана Иљовска е родена во Скопје. Основното училиште и гимназијата ги завршила исто така, во Скопје. На Стоматолошкиот факултет се запишала во 1965 година, а дипломирала во 1971. На Клиниката за Детска и превентивна стоматологија е вработена од јануари 1974 година.

За помлад асистент по истиот предмет била избрана во 1976 година, а по положувањето на специјалистичкиот испит во јануари 1977 год. била избрана за асистент и реизбирана уште во два изборни мандата. Во март 1988 год. ја одбранила докторската дисертација под наслов „Клинички и лабораторски испитувања кај болни од ЈЗИД тип 1, кај деца и адолесценти, од дентален аспект". Оттогаш почнува да се искачува по скалилата на наставните звања па така 1989 год. била избрана за доцент, во 1994 за вонреден профессор, а во 1999 и 2004 година за редовен профессор на Катедрата по детска и превентивна стоматологија.

Во октомври 1998 год. била назначена за управник и шеф на Катедрата на клиниката за детска и превентивна стоматологијана а истата функција ја извршува и денес. Во моментот е на функцијата помошник директор на ЈЗО Стоматолошки клинички центар и член на Сенатот на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј".

Својата стручност ја надополнува со повеќе еднонеделни престои и тоа: во јануари 1995 година, во Љубљана, го посетувала курсот за нови дентални материјали на Vivadent, Schaan од Liechtenstein, презентирани од д-р Матијаш Тавчар и д-р Гордана Поропад.; во октомври 1997 година престојувала во Vivadent Lichtenstein, каде што учествувала на теоретски предавања и практични вежби за најновите производи на Vivadent, Vivacare, презентирани од d-r Manfeld Krah – директор на Training - центарот за што има добиено и сертификат за работа со Сониксис системот.; во септември 1998 година, во Берлин, го посетувала курсот за нови керамички оптимизирани полимери (Ceromeri), предводен од проф. Didier Dietschi, DMD.; во 2001 година престојувала во Center for dental care for disabled persons and person with dentophobia во Woubrugge, Холандија кај проф. d-r Ans der Feldbruge.

Публицистичкиот опус на професор Иљовска опфаќа вкупно 85 објавени статии од кои 17 се објавени во странски публикации.

Научноистражувачката, креативната и публицистичка дејност на професор Иљовска резултира и со менторства на магистерски трудови и докторанти. Главен истражувач е на проектот: „Состојба на оралното здравје, можности и реализација за санација и превентива кај ментално ретардирани деца" кој е со национален приоритет, а член е и на тимот на националниот проект под наслов: "Проценка на состојбата на оралното здравје и потребниот третман кај населението од Република Македонија со примена на базичните критериуми на Светската здравствена организација (СЗО)".

Д-р. Снежана Иљовска континуирано и активно учествувала на стручни, научни собири, симпозиуми, постедукативни курсеви и конгреси во земјава и во странство.

За својата севкупна дејност професор Иљовска била наградувана со повеќе признанија од кои повелба при одбележување на 30 години од Стоматолошкиот факултет (1987), плакета (1993) и повелба „Д-р Трифун Пановски" која се доделува за иcклучителни резултати во унапредување на медицинската наука, практика и развојот на здравствената заштита (1998).

Белешките за еден колега секогаш поттикнуваат спомени и потреба да се каже не кажаното а за колешката Иљовска имам потреба да кажам дека е човек со ентузијазам, динамичност, колегијалност, едукација и неизмерна желба за несебична соработка, и по оваа пригода заедно со бројните пријатели, колеги студенти и го честитаме јубилејот со желба за добро здравје.

***Од Катедрата***
***за детска и превентивна стоматологија***